# Интерсекциска дискриминација врз Ромки во пристапот до правда

Интерсекциската дискриминација се јавува кога повеќе идентитети – како пол, етничка припадност и социјален статус – се преклопуваат и создаваат потешки форми на нееднаквост. Жените Ромки се соочуваат со дискриминација и исклученост истовремено како жени и како Ромки – но правниот и институционален систем ретко го препознава тоа.



## Правна рамка постои, но не функционира доволно

Законот за спречување и заштита од дискриминација ја признава интерсекциската дискриминација како потежок облик.

Сепак, во периодот 2021–2023:

- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди **169** случаи на дискриминација
- **53** случаи класифицирани како потешки форми
- **24** случаи се интерсекциски
- Само **3** се однесуваат на Ромки во пристапот до правда
- Ниту една судска одлука **не утврдила интерсекциска дискриминација** врз Ромки

## Клучни бариери за пристап до правда

- Недостапност на информации и услуги на ромски јазик;
- Финансиски трошоци и ограничен пристап до бесплатна правна помош;
- Недоверба во институциите и ниска правна писменост;
- Лицата без документи се целосно исклучени од правна заштита;
- Формалистички пристап и недоволно разбирање на преклопените идентитети;
- Недостаток од проактивна институционална поддршка.

## Институционална невидливост

- Само една Ромка има раководна функција во јавниот сектор;
- Недостаток од обуки и чувствителност за интерсекциска дискриминација кај судии, обвинители и администрација;
- Стратешките документи за инклузија на Ромите често остануваат без буџет и имплементација.

## Меѓународен фокус: УПП препораки

Дополнително, Универзалниот периодичен преглед (УПП) на Советот за човекови права на ООН го препознава проблемот и апелира за поцврсти чекори:

- Да се продолжат напорите за борба против дискриминацијата врз Ромите и да се обезбеди еднаков пристап до здравствени услуги за жените Ромки
- Да се продолжи со зајакнување на борбата против дискриминацијата и насилството врз малцински и ранливи групи, особено децата Роми, преку ефикасна истрага и казнување на сторителите
- Зголемување на напорите за борба против социјална сегрегација на Ромската заедница

## Клучни препораки

- Измени во Законот за бесплатна правна помош – пристап и за лица без лични документи;
- Континуирани обуки за судии, обвинители, адвокати и јавна администрација;
- Подобра застапеност на Ромки во институции, особено во одлучувачки позиции;
- Проактивна улога на Комисијата и Народниот правобранител;
- Буџетска поддршка за спроведување на стратешките документи;
- Воспоставување постапки што препознаваат интерсекциска дискриминација.

## Заклучок

Иако постои правна рамка, Ромките и понатаму остануваат речиси невидливи за правниот систем и институциите. Интерсекциската дискриминација ретко се признава, а уште поретко се санкционира. За вистинска правична заштита, потребни се структурни реформи, институционална волја и реална вклученост на Ромките во процесите на одлучување.

Извори:


01 ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТЕШКИ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНТЕРСЕКЦИСКА И ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОН ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊА РОМКИ ВО ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА, Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), 2025

02 Универзален периодичен преглед за Северна Македонија, четврти циклус



Инфографикот е подготвен во рамките на проектот „Заедничка акција за човекови права“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје и на никаков начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и мислењата на Европската Унија.


ЕУ со ТЕБЕ

Институт за европска политика. Скопје